**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ФИЛОЗОФИЈАТА И ЕТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-121/13 од 22.5.2018 година донесена на 121. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 22.5.2018 година, назначени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *историја на филозофијата и етика* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– проф. д-р Дејан Донев, вонреден професор на Институтот за филозофија, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (претстедател);
– проф. д-р Сузана Симоновска, редовен професор на Институтот за родови студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (член);
– проф. д-р Ристо Солунчев, вонреден професор Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 26.4.2018 година и на истиот во предвидениот рок се пријавил само еден кандидат: д-р Трајче Стојанов, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, при што ги доставил следниве документи:

– Диплома за завршено соодветно образование – докторат (еден оригинален примерок и три копии заверени кај нотар);
– Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии (копии заверени кај нотар);
– Кратка биографија (CV) во четири примероци;
– Список на објавени трудови (во последните пет години);
– По еден примерок од трудовите;
– Потврда за познавање светски јазик (англиски);
– Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, која е констатирано дека е комплетна, согласно со објавениот Конкурс, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Трајче Стојанов е роден во 1977 година во Штип, каде што завршува основно и средно гимназиско образование**. Дипломира на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет - Скопје во 2000 година со просечен успех 9,40 како трет најдобар студент на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

На истиот Институт по филозофија ги запишува и постдипломските студии, завршувајќи ги со висока просечна оценка 9,75. Со одбраната на магистерскиот труд „*Философско-религиските импликации во творештвото на Ф. М. Достоевски*“ во ноември 2007 година се здобива со научен степен магистер по филозофски науки.

На 12 јуни 2013 година ја одбранил докторската дисертација на тема „*Основни проблеми и особености на руската религиска философија*“ и се стекнува со научната титула доктор на филозофски науки.

Работел како новинар во локални и национални медиуми, а од 2002 година до сега доц. д-р Трајче Стојанов е ангажиран, прво како помлад асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, тогаш во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а потоа и како асистент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а конечно и како доцент, денес на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Специјализирал во Москва, Русија, каде вршел истражувања за својата докторска теза, а реализирал и постдокторски престој во САД, како и бројни присуства на конференции, симпозиуми и семинари, како дома, така и во странство, што говори за силната посветеност и етаблираност на кандидатот, во научните кругови во својата област.

Член е на неколку професионални организации, како дома, така и во странство, а покажува и значителен општествен ангажман, со што се профилира во социјално ангажиран интелектуалец, артикулирајќи се преку својата стручна експертиза во пошироката домашна и меѓународна јавност.

Покрај мајчиниот, македонски јазик, доц. д-р Трајче Стојанов се служи и со српско-хрватски и бугарски јазик, но и со светските јазици – англиски, руски, а пасивно и со германски јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира:

Со Одлука на Наставно-науниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Деллчев“ – Штип, бр. 2102-360/14 од 31.10.2013 година, д-р Трајче Стојанов е избран во звањето доцент за наставно-научните области историја на философијата и етика на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Stojanov, Trajce Et al. | *Kierkegaard Reception in Macedonia* | In: Kierkegaard Research: Sources, Reception and Resources Volume 19, Tome V. Kierkegaard Research: Sources, Reception and Resources, 19 (5). Routledge, London and New York, pp. 7-11. | Book chapterRoutledge, International publishing house, London and New York |
| 2 | Stojanov, Trajce | One Foucauldian analysis of atheism and the notion of sovereignty | Balkan Social Science Review, 10. pp. 77-91. | 5 |
| 3 | Стојанов, Трајче | Култивирање на разумот за јакнење на демократските капацитети во мултикултурно општество | 5th International Scientific Conference:„Meeting point and Cultural Divergences in the Balkans“, 27-28 Oct 2017, Tetovo, Macedonia | 5 |
| 4 | Stojanov, Trajce | Terrorism: some philosophical and ethical dilemmas | V. International Political Science Conference, 08-09 Dec 2016, Istanbul, Turkey | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Stojanov, Trajce | Typical problems in Russian religious philosophy | 9th International Scientific Conference «International dialogue: east-west», 20-21 Apr 2018, Sveti Nikole, Republic of Macedonia | 9 |
| 6 | Stojanov, Trajce | Schools for Intercultural Education: from Multiculturalism to Interculturalism. | Fourteenth) International Scientific Conference: "The Power of Knowledge" 28 Sept -01 Oct 2017, Agia Triada, Thessaloniki, Greece | 14 |
| 7 | Stojanov, Trajce | Stoicism and its Influence on the Roman Law | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 23 (1) | 5 |
| 8 | Стојанов Трајче | Мишел Фуко на пример: Новиот атеизам како дискурс на моќ. | Годишен Зборник 2017 Правен Факултет, 1 (7) | 7 |
| 9 | Stojanov Trajce, Soluncev Risto | Etho-poietics and Anti-political Anarchism | Kierkegaard Year 2017 6th International Philosophical Symposium of Miklavž Ocepek , 8-12 Sept 2017, Škocjan, Trieste & Cankarjev dom, Ljubljana, Slovenia | 6 |
| 10 | Stojanov Trajce, | Aristotelov »katolicizam« i Platonovo »pravoslavlje« – zapadni racionalizam i istočni misticizam kao ontološke diferencijacije europske kulture | XI.Mediteranski korijeni filozofije, 6–8 Apr 2017, Split, Croatia | 11 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Својата академска кариера, кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов почнува да ја гради уште од 2002 година, кога е избран за помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип, тогаш во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Започнувајќи од најниското звање – помлад асистент - кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов ги оди постепено сите последователни звања во универзитетската кариера, па така, во 2004 година бил реизбран во истото звање, а како асистент бил избран во 2007 г. Во звањето асистент бил повторно избран во 2011 година.

Како асистент, кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов одржува вежби по следниве предмети: Философија, Логика, Етика и Естетика на Педагошкиот факултет (актуелен Факултет за образовни науки), тогаш при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, а предметот Реторика на Правен факултет, Професионална етика на Факултет за информатика и Антропологија на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев - Штип.

Во звањето доцент на Факултетот за образовни науки бил избран на 31.10.2013 година во областа на историја на философијата и етика, од кога ги држи часовите за предавања и вежби по следниве предмети: Филозофија на образование и Етика во образованието, но држел курсеви и по Антропологија на Филолошкиот факултет, Естетика на Факултетот за уметност, Реторика и Филозофија на право на Правниот факултет, Филозофија на историјата на Катедрата по историја и археологија, како и општи универзитетски курсеви по Филозофија и Етика на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Како доцент бил член на

комисии и ментор за одбрана на дипломски работи, а вклучен е во наставата и на втор циклус, специјалистички студии, како професор по предметот Етика во наставничката професија, но и како ментор и член на комисии за одбрана на специјалистички и магистерски трудови.

Како научен работник, кај кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов е евидентна посветеноста на научноистражувачката работа и резултатите од истата. Кандидатот публикува бројни трудови во домашни и странски списанија, но и учествува на релевантни конференции и симпозиуми, како дома, така и во странство. Во оваа пригода ја прикажуваме комплетната:

**Листа на публикации**
**Со евалуација на секој поединечен труд**

I. Во последните пет години 2013-2018 г.

1. Книги и поглавја од книги

1.1. Книги

- Стојанов, Трајче (2018) *Етика во образованието: учебник*. Изд. Универзитет „Гоце Делчев“
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2018/208/pdf/208-8.pdf

„Етика во образованието“ од доц. д-р Трајче Стојанов е наставно помагало - скрипта по предметот Етика во образованието и е наменет за студентите од насоките Предучилишно воспитание и Одделенска настава на Факултетот за образовни науки, каде што истиот се изучува во првиот (I) семестар со вкупен фонд на часови 2+2+1. Со тоа, ракописот „Етика во образованието“ претставува соодветно и целосно покривање на потребите од наставната програма за студиската програма за којашто е наменет. Но, дури и повеќе од тоа. Според нашите сознанија, учебник или учебно помагало од областа на етика во образованието на просторот на македонското образование и наука до сега немало. Со тоа, овој текст пополнува навистина значајно место во областа на т.н. професионални етики, за што очигледно има несомнена потреба. Се разбира, овој ракопис е само прв чекор и поттик за истражувања не само од оваа област, туку и во областа на останатите практични и нормативни етики. Со тоа, овој прирачник за наставничката професија во случајов се покажува како важен темелник кој ја омеѓува потребата од корисен нормативен водач не само за студентите на факултетите за обука на наставници, туку и на професионалната, стручната и научната јавност, која во овој текст може да ја најде научната и стручната вредност од областа на применетите етики.

- Стојанов, Трајче (2018) *Мисли за воспитанието: практикум по философија*. Изд. Универзитет, „Гоце Делчев“
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2018/208/pdf/208-9.pdf

„Мисли за воспитанието: практикум по философија” од доц. д-р Трајче Стојанов е наставно помагало - практикум по предметот Философија на образованието и е наменет за студентите од насоките Предучилишно воспитание и Одделенска настава на Факултетот за образовни науки, каде што истиот се изучува во третиот и во четвртиот (III и IV) семестар со вкупен фонд на часови 2+2+1. Со тоа, ракописот „Мисли за воспитанието: практикум по философија” претставува соодветно и целосно покривање на потребите од наставната програма за студиската програма за којашто е наменет. Но, дури и повеќе од тоа. Ракописот „Мисли за воспитанието: практикум по философија” претставува интересен и уникатен обид да се направи практикум за философијата преку собрани стручни и научни трудови и есеи поврзани со областа која се тематизира философијата и образованието. Со јасна алузија на истоименото дело на Џон Лок - „Мисли за воспитанието“, дело напишано во периодот од 1683 до 1689 г., авторот доц. д-р Трајче Стојанов како да сака да го покаже и истакне значењето на воспитанието, кое како да е подзаборавено или можеби никогаш доволно истакнато.

Стојанов, Трајче (2016) *Егзистенцијалии: цебна философија во стихови*. Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, Stip. ISBN 978-608-242-027-1 http://eprints.ugd.edu.mk/19843/

„Егзистенцијалии“ или философија во стихови е прва стихозбирка на нашиот поет, филозоф и педагог со иднина - Трајче Стојанов. Книгата содржи 43 песни поделени во три циклуси: 1„Естетис“, 2„Поезис“ и 3„Ноезис“. И во суштина претставува своевидна поетска експликација на „трите животни стадиуми“ во философијата на „данскиот Сократ“, философот Серен Кјеркегард. Првиот циклус реферира на естетскиот стадиум кај Кјеркегар, вториот на етичкиот и третиот кај Кјеркегар наречен религиозен, кај авторот „Ноезис.“ Но, оваа збирка ја претставува и персоналната философија на животот на авторот или приказна за поетовиот однос кон жената/љубовта,кон поезијата/творењето, кон постоењето/непостоењето. Песните во „Егзистенцијалии“ ја креираат и маркираат поетската вертикала на Трајче Стојанов со која тој го артикулира својот обид и стремеж за вградување во некој мост, на некој лак што ќе сведочи за неговото љубење и живеење, за неговото творење и постоење. Тоа, всушност, е оној универзален човеков стремеж за лична бесмртност. Според шпанскиот филозоф Мигуел Де Унамуно тој стремеж е најсилниот сподвижник на активноста на секој обичен субјект. Притоа човекот е подготвен да жртвува сè за да ја афирмира сопствената врвица/сопствената артикулација која стреми кон некаков идеал, кон искачување на некаков имагинарен врв како доказ за неговото и нашето живеење и /не/постоење.

1.2. Поглавја од книги

Stojanov, Trajce Et al. (2017) *Kierkegaard Research in Macedonia*. In: Kierkegaard Research: Sources, Reception and Resources Volume 19, Tome V. Kierkegaard Research: Sources, Reception and Resources, 19 (5). Routledge, London and New York, pp. 7-11. ISBN 978-1-138-20951-0http://eprints.ugd.edu.mk/19841/

Оваа публикација во издание на престижната издавачка куќа **Routledge** е сеопфатен увид во секундарните изданија за данскиот философ Серен Кјеркегард. Во томот 5 е застапена и Македонија, а прегледот го има направено доц. д-р Трајче Стојанов, кој дава целосен увид на сè што до сега е публикувано за данскиот философ во Македонија. Со тоа, за првпат на овие простори е направен комплетен преглед на библиографијата за Кјеркегард на едно место и тоа на англиски јазик, што претставува значаен ресурс за секој иден истражувач на делото на овој важен дански философ.

Stojanov, Trajce Et al. (2015) *Преглед на теориите за мултикултурализмот, развој на интеркултурните компетенции и превенција на стереотипите и предрасудите*. In: Теориски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети. МЦГО-УСАИД, Скопје, pp. 28-55. ISBN 978-608-4529-32-3. http://eprints.ugd.edu.mk/19847/

Република Македонија е држава на чијшто простор од дамнина постојат и коегзистираат многу култури. Нивниот белег е видлив и денес, во материјалното и нематеријалното културно наследство, во архитектурата, фолклорот, храната, дури и во секојдневните пракси и обичаи што ги негуваме и ги сметаме за неопходен дел од нашиот живот. Мултикултурализмот и мирната коегзистенција во Македонија, иако често подложни на сериозни предизвици, се втемелени во основата на нашата државност. Модерните предизвици со кои се соочува Република Македонија, каков што е процесот за меѓуетничка интеграција во образованието, соживотот и заедничкото градење на иднината, би морале да бидат соодветно претставени, разбрани и инкорпорирани во општеството, за идејата за мултикултурното општество да биде правилно разбрана и прифатена. Потребата од примена на интердисциплинарно образование што соодветно ќе го третира прашањето за мултикулурализмот, интеркултурализмот, како и нивната суштина и реалност во општеството, придружено со предизвиците со кои се соочуваме, како и богатството што сите поединци и сите културни групи го носат во колажот на државата, ни дава право да сметаме дека потребата образованието да стане мултикултурно, а пред сè, интеркултурно, како во теоријата така и во практиката, е вистинскиот влог за иднината.

2. Трудови во списанија и од конференции, симпозиуми и семинари

Стојанов, Трајче (2013) Русская философия сегодна. In: Философијата денес: Конференција по повод светскиот ден на философијата, 21 Nov 2013, Филозофски факултет, Скопје. http://eprints.ugd.edu.mk/19888/

Текстот претставува преглед на развојот на руската философија во периодот од распадот на Советскиот Сојуз до денес. Авторот прави јасен преглед и се обудува да даде делумна систематизација. Велиме делумна, затоа што оценката за еден период кој уште го живееме од оваа куса временска дистанца може да биде само приближна и обопштена. Но, сепак, контурите кои ги исцртува авторот овозможуваат јасна координација во периодот и се основа за сите идни истражувачи на овој феномен.

Стојанов, Трајче (2015) Во одбрана на Ex Cathedra. In: Научно-стручна трибина на тема „Наставникот - некогаш, денес, утре“ (04 Oct 2013, Stip, R. Makedonija). http://eprints.ugd.edu.mk/19914/

Трудот е обид за философско втемелување и одбрана на екс-катедра пристапот во наставата, кој во модерната педагошка наука е оспоруван како традиционален и надминат. Трудот нуди аргументација во насока на афирмација на овој „застарен модел“ како зачувување на традиционалниот однос кон знаењето и вистината, наспроти посмодерниот третмат на истите како конструирани.

Stojanov, Trajce (2015) Ethics as teaching. In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19909/

Предавањето етика е предизвик како за наставниците, така и за учениците. Затоа, овој труд на Стојанов Трајче е вреден патоказ и за обете засегнати страни. За наставниците тој е методичка алатка, за учениците етичка. Но, тука авторот поставува и вредни етичко-теориски дилеми кои секој истражувач на моралниот феномен си ги поставува како професор: што треба да биде исходот од наставата по етика, како треба да се предава етиката, кој е вистинскиот пристап, дали самите наставници треба да ги отелотворуваат сите вредности за кои предаваат...? Во таа смисла, текстот разгледува различни дидактички пристапи во наставата по етика, ги промислува предностите и недостатоците и со тоа дава вредна база за секој наставник по етика.

Stojanov, Trajce (2015) Stoicism and its Influence on the Roman Law. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 23 (1). pp. 88-92. ISSN 2307-4531. http://eprints.ugd.edu.mk/19876/

Ова е коавторски труд на доц. д-р Трајче Стојанов и доц. д-р Димитар Апасиев и се однесува на влијанието на стоицизмот врз римското право. Поточно, трудот ја пронаоѓа врската помеѓу философијата на стоицизмот за душевен мир, нивниот однос кон природата и разумот, со римскиот концепт за „природно право“ (lat. Iusnaturale). Притоа, етиката на стоиците е прикажана како основа за експанзионистичката и империјалистичка идеологија на Римската Империја. Со тоа, авторите доаѓаат до сознанието дека идејата на стоиците за правото на граѓанинот е примарна vis-à-vis правата на државата, во што е отелотворена суштината римскот право.

Стојанов, Трајче (2015) Евроазиство – третиот пат на Русите. In: Симпозиум на тема Философија и политика по повод Светски ден на философијата, 19-20 Nov 2015, Skopje, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19896/

Евроазиството како политички, геополитички, и философско-историски проект е зачнат во средината на минатиот век, како некаква алтернатива, трет пат од спотивставените позиции на словенофилите и западњаците. Евроазиството е значајно политичко-философско учење кое остава огромен траг во историјата на руската мисла, а кое има особено значење и денес. Затоа што преку историчарот Лав Гумиљев (1912-1992) кој самиот се декларирал како „последниот евроазиец“, овие идеи влегуваат во современите текови на руската мисла, со што тој станува директен иснпиратор на она што сега се нарекува нео-евроазиство. Политиката и на денешна Русија главно е доминирана од евроазиските ставови на В. Путин и неговите најблиски соработници и идеологот Александар Дугин. Овој труд се занимава со историјата на тој концепт, но и полемизира со некои од противречностите и заблудите на истиот. Укажува на суштинската грешка во

самите негови основи – да се построи идентитет исклучиво врз основа на географскиот фактор, особено на така огромно подрачје како Русија, т.е. Евроазија. Тој обид е теориски невозможен, а практично кобен.

Стојанов, Трајче (2015) Руската религиска философија и современата наука: некои аналогии. In: Прв меѓународен философски дијалог Исток-Запад: Симпозиум Наука и религија, 2-4 Sept 2015, Skopje, Sveti Nikole, Ohrid, Macedonija. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19897/

Во овој труд, авторот Трајче Стојанов прави вредна компарација помеѓу некои философски концепти во руската религиска философија и современата наука. Откако дава приказ на некои од позначајните философско-теориски концепти, истото го прави и со аналогните научни теории, главно од областа на класичната и квантната физика, како и од еволуциската биологија и хемијата, за да заклучи дека интуицијата на руските философи со некои уникатни концепти, како на пример, концептот за сеединството, е на трагот на модерните научни сознанија.

Стојанов, Трајче (2016) Од екоетика до екосвест. In: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи. Научно - стручна конференција со меѓународен карактер, 14 May 2014, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19916/

Ова е коавторски труд на доц. д-р Трајче Стојанов и проф. д-р Снежана Ставрева-Веселинова, каде што ги вкрстуваат експертизите од билошките и еколошките науки, со етиката. Еколошките сознанија во последниве неколку децении се наметнаа и стигнаа до врвот на актуелноста на човечкиот мисловен, морален и политички ангажман. Во таа смисла и филозофската размисла за смислата на човековата и, воопшто, на природната средина, за елементите на човековата блискост со природата, за неговата поврзаност со условите на опстанокот и за неопходните надворешни, околни категории на човековата егзистенција е поврзана со екологијата како биолошка наука за животната средина на секое живо суштество, за природните услови на неговата опстојба. Морално учење е поттикнато од екософските и еколошки сознанија за вредноста на елементите на човековиот живот што него го опкружуваат и му се важни, за условите на живеењето и за нивното благородно чување и унапредување, чија цел е вкупното подобрување на човечкиот опстанок на Земјата.

Stojanov, Trajce (2016) St. Kliment as Ethicist. In: Меѓународна научна конференција Климентовото дело, 23-24 June 2016, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19886/

Св. Климент не е само воспитувач и основач на првиот Славјански универзитет во Охрид. Но, тој не е само ниту добар, морален карактер. Туку и повеќе од тоа – тој е етичар кој може да се каже дека поставил основи на една оригинална етичка теорија. Ова е тезата која авторот доц. д-р Трајче Стојанов ја брани во овој труд за св. Климент како етичар. Притоа, во текстот, авторот ги исцртува и контурите на тој философски систем со основните постулати во него.

Stojanov, Trajce (2016) Uloga „Ruske ideje" u suvremenom ruskom identitetu: tri izvora ruskog totalitarnog narativa. In: Balkanske zemlje između Rusije i EU – „Meki Trbuh" Europe?, 17 Nov 2016, Velika dvorana Školske knjige, Zagreb. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19871/

Во овој текст, презентиран на меѓународна конференција во Загреб, авторот доц. д-р Трајче Стојанов ја разгледува улогата на т.н. руска идеја во современиот руски идентитет и нејзиниот одраз во креирањето на модерната политичка идеологија на Русија. Притоа, креира оригинална теза дека голем дел од причините за инклинацијата кон авторитарност лежат токму во некои од особеностите во политичката философија на русите, отелотворени во руската идеја, а изразена кај различни автори.

Stojanov, Trajce (2016) Vindiciae Contra Tyrannos:Right of tyrannicide in the Medieval Christian and Islamic political-legal philosophy. In: Second International Philosophical Dialogue East-West Law between Politics and Ethics, 05-07 Oct 2016, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19885/

Трудот е коавторско истражување на доц. д-р Трајче Стојанов и доц. д-р Димитар Апасиев, овој пат на една прилично сензитивна и етички контроверзна тема: односот на потчинетите кон тиранинот, т.е. правото на тираноубиство. Преку анализа на еден

манускрипт од 16 век (Vindiciae Contra Tyrannos), авторите влечат интересни и контроверзни политичко-философски, но и етички импликации за односот на поединецот и државата, обидувајќи се да одговорат на прашањето: има ли морална оправданост во убиството на тиранинот?

Стојанов, Трајче (2016) Достоевски како литерализација на философијата на Соловјов. In: Прва меѓународна научна конференција - ФИЛКО: филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19874/

Стојанов, Трајче (2016) Една можна критика на Бахтиновата интерпретација на Достоевски. Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (2). pp. 115-126. ISSN 2545-3998 http://eprints.ugd.edu.mk/19875/

Достоевски е најголемиот руски книжевник. Соловјов најголемиот руски философ. Средбата на двата горостаса ќе придонесе секако за взаемно влијание. Во овој труд авторот го испитува влијанието на Соловјов врз големиот руски книжевник. Впрочем, не само што го испитува, туку и поставува прилично смела теза дека важните идеи во последната фаза од творештвото на Достоевски, се поддиректно влијание на Соловјов, или уште поточно, неговите идеи изнесени во Браќа Карамазови, се само „литерализација" на философијата на Соловјов, или во најмала рака на неговите основни тези, како онаа за „сеединството".

Стојанов, Трајче (2016) Образованието како место за изградба на добар граѓанин. In: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи. Научно-стручна конференција со меѓународен карактер, 14 May 2014, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19915/

Во овој труд авторот разгледува една значајна категорија во десно-ориентиранта литература „изградба на добар граѓанин", ставајќи ја во контекст на образованието. Имено, поимот „добар граѓанин" или „изградба на добар граѓанин"е дел од т.н. „граѓанско образование" и се однесува на создавање граѓанин кој поседува граѓански доблести потребни за живот во демократијата: соработка, доверба, реципроцитет, великодушност, солидарност, колективен дух, но и парципативност, заинтересираност, вклученост, дигнитет, правдољубивост... Затоа, доброто граѓанство е неопходен услов за демократија – заклучува авторот.

Стојанов, Трајче (2016) Платон vs. Аристотел: философско-религиските основи на културните разлики во Европа. In: Седма меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - Запад (психологија, филозофија, лингвистика, културологија и образование), 4 June 2016, Sveti Nikole, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19898/

Една подлабока анализа ќе ни покаже дека културните идентитети и духовноста воопшто, се фундирани во многу подлабоки онтолошки длабочини отколку што на прв поглед се чини – тоа е смелата теза што ја промовира авторот доц. д-р Трајче Стојанов во овој текст. Есејов има за цел да ги покаже тие онтолошки нивоа на кои лежи духовноста во културата, и тоа низ следниов методолошки пристап: да осветли некои историски религиозни и философски идеи од антиката до денес, да ги компарира источниот и западниот културен менталитет за да ги посочи специфичните философско-религиозни обележја кои ги оформиле културните идентитети. Притоа поимот „култура" ќе биде сфатен во најшироко значење во кој влегуваат сите човекови творби од материјала и духовна природа како и специфичната духовност и идеологија во дадените општества, а дистинкцијата, пак меѓу Истокот и Западот се однесува на западноевропските (католички и протестантски) и источноевропските (православни) земји.

Стојанов, Трајче (2017) Aristotelov »katolicizam« i Platonovo »pravoslavlje« – zapadni racionalizam i istočni misticizam kao ontološke diferencijacije europske kulture. In: XI.Mediteranski korijeni filozofije, 6–8 Apr 2017, Split, Croatia. (In Press) http://eprints.ugd.edu.mk/19861/

Трудов на некој начин е продолжување на истражувањата на истата тема што авторот ги има направено година порано. Со тоа што овде веќе директно ги иведува католичката и православната култура од менталитетот продуциран од философијата на двата најзначајни антички мислители, Платон и Аристотел. Ова е прилично контроверзна теза, која сепак вреди да се разгледа, особено заради можеби пренагласената констатација на авторот дека токму заради овие причини не успеало до сега да создаде култура.

Stojanov, Trajce, Risto Soluncev (2017) Etho-poietics and Anti-political Anarchism. In: Kierkegaard Year 2017 6th International Philosophical Symposium of Miklavž Ocepek , 8-12 Sept 2017, Škocjan, Trieste & Cankarjev dom, Ljubljana, Slovenia . (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19842/

Во овој коавторски труд на доц. д-р Трајче Стојанов и проф. д-р Ристо Солунчев се прави компаративна анализа на концептот на Мишел Фуко за етопоетика и Кјеркегардовата креација на субјектот. Преку идејата на Кјеркегард за втемелување на егзистенцијата во тренсценденцијата, при што единствено така се отвора можноста за самокреација, авторите ја изведуваат тезата за нова, радикална етопоетика за која зборува Фуко. Овој радикален концепт на етопоезис, според мислењето на авторите, ја пробива иманентната онтологија на светот и претставува база, за она што тие го нарекуваат антиполитички анархизам, кој може да се изведе од Кјеркегардовото радикално мислење.

Stojanov, Trajce (2017) New Atheism as Neoliberal Imperialistic Tool. In: Fourth International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 6-7 Sept 2017, Stip, Republic of Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19880/

Во овој труд, авторот прави анализа на едно доста популарно и распространето социјално, научно-популарно движење наречено „Нов атеизам“. Главната хипотеза на овој труд е дека политичко-идеолошките импликации деривирани од ова движење во најмала рака се неконзистентни, во најлоша, едноставно погрешни. И тоа низ солидна и детална аргументација, авторот го покажува во текстот прилично издржано. Иако заклучокот, содржан и во самиот наслов, може да изгледа пренагласено – дека Новиот атеизам, всушност, е империјалистичко орудие – сепак од аргументацијата на авторот станува јасно дека ова движење во голема мера е претворено во идеолошка алатка.

Stojanov, Trajce (2017) On some goals of Ethical education. In: Third International Philosophical Dialogue East-West: Symposium on Philosophy of Education & Philosophy in Education, 04-06.10.2017, Skopje, Bitola, Ohrid R. Macedonia. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19887/

Во овој труд авторот доц. д-р Трајче Стојанов поставува едно од суштинските прашања на секој образовен процес и на секоја епоха воопшто – што е целта на образованието? Од ова философско прашање, всушност, зависат образовните политики и образовните практики во едно општество и во една епоха. Притоа, авторот разработува еден од најчестите одговори на ова философско прашање, застапено во сите современи учебници – развој на критичкото мислење.

Stojanov, Trajce (2017) One Foucauldian analysis of atheism and the notion of sovereignty. Balkan Social Science Review, 10. pp. 77-91. ISSN 1857- 8772. http://eprints.ugd.edu.mk/19853/

Светскиот тренд на атеизам и општиот напад на религијата продуцираат сериозни политичко-правни импликации. Токму овие импликации на поимот на суверенитет ги разгледува авторот доц. д-р Трајче Стојанов во овој негов труд, објавен во домашно, меѓународно списание. Во заклучокот, авторот констатира дека токму атеизмот денеска го има делегитимирано поимот на суверенитет, а со тоа и целосно лишено од транценденцијата. Како таков, во резултат, слободата е сериозно загрозена.

Stojanov, Trajce (2017) Schools for Intercultural Education: from Multiculturalism to Interculturalism. In: Fourteenth International Scientific Conference: The Power of Knowledge, 28 Sept -01 Oct 2017, Agia Triada, Thessaloniki, Greece. http://eprints.ugd.edu.mk/19878/

Овој труд е практична рамка за организирање на образованието како мултикултурно, поточно, тој е обид за претворање на концептот за мултикултурализам во интеркултурализам и интеркултурно образование. Ползувајќи се со резултатите од проектот за Мултиетничка интеграција во образованието, во кој и учествувал, доц. д-р Трајче Стојанов скицира училиште за интеркултурна интеграција со сите неопходни елементи.

Stojanov, Trajce (2017) Terrorism: some philosophical and ethical dilemmas. In: V. International Political Science Conference, 08-09 Dec 2016, Istanbul, Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/19864/

Ова е коавторски труд на доц. д-р Трајче Стојанов и турски научник од областа на политичките науки, доц. д-р Zeynep Ece Ünsal, во кој авторите дебатираат едно контроверзно и прилично сензитивно прашање: тероризмот и неговата морална оправданост. Прitoа даваат

преглед на различните етички пристапи кон овој проблем, без да заземаат дефинитивен став околу оправданоста или неоправданоста на овој чин.

Стојанов, Трајче (2017) Култивирање на разумот за јакнење на демократските капацитети во мултикултурно општество. In: 5th International Scientific Conference: "Meeting point and Cultural Divergences in the Balkans, 27-28 Oct 2017, Tetovo, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19879/

Тезата што се застапува во овој труд е дека јакнењето на демократските капацитети на поединецот низ образовниот процес е клучно за мултикултурниот карактер на Балканските општества. Според авторот, изградбата на т.н. демократско граѓанство низ процесот на образование, всушност, е предуслов на мултикултурализмот. За оваа цел, образованието треба примарно да биде нацелено не кон стекнување знаење, туку кон „култивирање на разумот" (Харви Сигел), како главна епистемолошка цел на образованието. Целта на ова истражување е ефектот на култивирање на критичкото мислење како услов во развојот на демократските вредности, а со тоа и градење на мултикултурните и интеркултурните интегративни процеси. Мултикултурализмот и како теорија и како пракса е демократска придобивка и вредност - тој е невозможен надвор од демократскиот контекст. Затоа, задачата на образованието примарно е да го гради демократскиот капацитет, а алатката за тоа, според овој труд, е развој и култивирање на „критичкото мислење". Затоа овој труд ќе ги претстави некои од основите на концептот „критичко мислење" како главна епистемолошка цел на образованието и ќе се обиде да го поврзе тој концепт со мултикултурализмот и предизвиците на демократското образование во домашниот контекст. Преку метод на анализа на основните теории за метакогниција, нивна адаптација на домашните образовни прилики, метод на квалитативна анализа и особено преку компаративен метод, во резултат трудот иницира изградба на соодветна образовна методологија за јакнење на демократските капацитети во функција на мултикултурализмот. Резултатите од тоа теориско и емпириско истражување се во функција на поткрепа на основната теза овој труд.

Стојанов, Трајче (2017) Мишел Фуко на пример: Новиот атеизам како дискурс на моќ. Годишен Зборник 2017 Правен Факултет, 1 (7). pp. 254-265. http://eprints.ugd.edu.mk/19881/

Трудот е критичка анализа на едно движење наречено нов атеизам, чиј претставници, меѓу другите, се Кристофер Хученс, Сем Харис, Ричард Докинс и Даниел Денет. Главната хипотеза во овој труд е дека нивните политички импликации дедуцирани од научните пропозиции во најдобар случај се неконзистентни, а во најлош случај - едноставно погрешни. Дури и уште повеќе, авторот доц. д-р Трајче Стојанов претпоставува дека овие импликации не се ништо повеќе од идеолошка алатка на неолиберализмот и западната хегемонија и нивниот империјализам. Оваа алатка особено е насочена против исламот, третирајќи го исклучиво како фундаменталистички, притоа поддржувајќи ја бесмислената теза на Хангтинтон за „судирот на цивилизациииите". Што е особено загрижувачаки за овој вид атеизам, репрезентиран од новиот атеизам, е фактот што тој е застапуван од десно ориентираните политики, наместо од левичарите, како што тоа скоро секогаш било случај во историјата. Со тоа, овој вид атеизам станува далеку помилитантен отколку која било друга историска форма на атеизам – заклучува авторот доц. д-р Трајче Стојанов.

Stojanov, Trajce (2018) Typical problems in Russian religious philosophy. In: 9th International Scientific Conference «International dialogue: east-west», 20-21 Apr 2018, Sveti Nikole, Republic of Macedonia. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19882/

Предмет на обработка во овој труд е руската религиска философија, поточно нејзините проблеми, кои според авторот можат да се сведат на пет: Соборност, Сеединство, Богочовештво, Руска идеја и Софија. Токму овие, според авторот доц. д-р Трајче Стојанов, се типични за кои може да се каже дека се оригинален придонес на руската религиска философија. Трудот во таа смисла дава вреден проблемски увид во руската мисла.

II. До 2013:

1. Книги и поглавја од книги

- *Философија: Византиска и Руска*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2013 http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1842287857295430&rec=9&sid=1

- *Философија: есеи,* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип, 2013
  http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1842287857295430&rec=10&sid=1
- *Достоевски: од подземјето до Богочовекот*, Аз-Буки, Скопје, 2008
  http://www.kupikniga.mk/BookDetails.aspx?Pr=31337

2. Трудови во списанија и од конференции, симпозиуми и семинари

*Philosophical system of Dostoevsky – an attempt of reconstruction* / *„Filozofski sistem Dostojevskog (pokušaj rekonstrukcije)”*Diacovensia,**Vol.18 No.1**, 197-208 p. **<http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=79652>**

“*Problems of Russian identityintheeyesofaforeigner*”, Proceedings of the Russian academy of sciences, Moscow, 2010, 618 p. емырусскойидентичностиввосприятиииностранца“Славянскиймирвтретьемтысячелетии. *Славянские народы: векторы взаимодействия в Центральной, Восточной и Юго-Восточной Европе, Учреждения Российской академии наук Института славяноведения РАН, Москва, 2010 618* с <http://www.inslav.ru/index.php?option=com_content&view=article&id=350:2010-05-29-17-03-36&catid=6:2009-08-05-10-46-59&Itemid=2.>

– *Philosophical mind, Writer`s Eye*, at **International Dostoevsky society** conference, Naples, Italy, 2010,
– *<http://dostoevsky.org/participants.pdf>*
– *Ontology of culture: religious fondation of cultural identities*, International conference: 16-th Days of Franje Petric, Cres, Croatia <http://www.hrfd.hr/content/dani-frane-petrica>
– *Today`s citizen in ex republic: Macedonian issue, 3-th International Slavic conference, Nikshich, Montenegro, 2010 / Sadašnji državljanin u bivšoj republici“, T.Stojanov, O. Cackov, , Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani,* од 2-4 септември, 2010, Никшиќ, Црна Гора
– *Overview of Russian religious philosophy and its characteristics*, Philosophy journal [Skopje], No. 19 49-83 p. / „Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености“, *Филозофија* [Скопје], бр. 19 (септември 2006), 49 – 83.
– *Mystical anthropology of deification*, Philosophy journal [Skopje], No. 17, march, 2006, 89-115 p. / „Мистична антропологија на обожувањето“) *Филозофија* [Скопје], бр.17 (март 2006), 89 – 115**.**
– *The Tree Harsh Realists-Kierkegaard, Nietzsche and Dostoyevsky, “*SUM”- Art magazine, [Stip] no.31(2001), page 120-129
– *Art as act of Eros - Plato on love,* “SUM”- Art magazine, [Stip] no.38(2003), page 109-113
– *Scientific discovery - Philosophical problem or not?* Annual Miscellany of Pedagogical Faculty [Stip]
– *Viva L’art pour L’art,* “SUM”-Art magazine, [Stip] no.39(2003), page 99-101
– *Sketch of a nihilism, “*Education”– Journal for education [Stip] no.3 page 88-92
– *Kuhn, Popper and Faerabend on Logic of scientific discovery,* “Philosophy Journal”, [Skopje] no 8, page 109-118
– *Sketch of a teleology, “*Education”– Journal for education [Stip], no.4-5 page 126-129
– *Apophatism (Negative theology) as source and foundation of Orthodox mystic,* “Trinity”-Journal of Orthodox culture [Stip], no.12 page 33-37
– *Plato, Neo-Platonism and Christianity,* “Trinity”- Journal of Orthodox culture [Stip], no.13 page 29-38

Презентираниот увид во научноистражувачкиот опус на кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов говори дека станува збор не само за вреден и плоден автор, туку и за автор кој има дадено особен придонес во развојот на философската, но и педагошката мисла кај нас, обработувајќи важни теми и проблеми во својата научна работа, кои можат да бидат од вонредно теориско-практично значење за нашата општествено-политичка стварност. Интензивната и забележителна меѓународна активност, пак, говори дека кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов се пројавува и на меѓународната научно-философска сцена како вреден претставник на неговата институција.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Својата актива, кандидатот д-р Трајче Стојанов ја остварува и во делот на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Тука ќе издвоиме некои од позабележителните.

Својот стручен и научен потенцијал, кандидатот д-р Трајче Стојанов го има остварено низ разни стручни и научни форуми во земјава и во странство. Во периодот од мај до јули бил на постдокторски истражувачи престој на Институтот за Кјеркегор и егзистенцијалистички студии на St. Olaf College, Northfield, Minneapolis, Minnesota State, USA, каде што реализирал и неколку предавања на додипломските студии.

Својот философски светоглед кандидатот го презентира и преку својот поетски хабитус, отелотворувајќи ја философијата не само како кабинетска дејност, туку и како жива, практична дејност. Така, во 2016 г. ја објавува својата прва стихозбирка „*Егзистенцијалии: цебна философија во стихови*“, во издание на Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип.

Во неа на прилично оригинален начин авторот ја „поетизира“ философијата на Кјеркегард, поточно неговото учење за трите стадиуми на егзистенцијата: естетска, етичка и религиозна, кај авторот д-р Трајче Стојанов, тематизирани како естесис, поесис и ноезис. Во ова прво поетско остварување, д-р Трајче Стојанов го рефлектира и сопствениот творечки печат, но и сопствената, лична животна философија, со што покажува дека философијата не е единствено академска наука, ами првенствено начин на живот. Таквиот однос може да претставува плодна инспирација за секој иден истражувач и философ.

Претходно, пак, во 2015 г., кандидатот д-р Трајче Стојанов ја аплицира својата теориска експертиза за мултикултурализмот и интеркултурната интеграција со коавторски придонес во практикумот „*Теориски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети*“, во издание на МЦГО-УСАИД, Скопје.

Покрај споменатиот проект, за Интеретничка интеграција во образованието на МЦГО и УСАИД чиј резултат делумно е и споменатиов прирачник, кандидатот д-р Трајче Стојанов е вклучен во тимот за реформи на основното образование при Министерството за образование на Република Македонија:

Реформа во Основното образование:https://roo.mk/

Притоа има изработено и неколку елаборати и експертизи за потребите на истиот, како и програмски пакет: ревидирани нови наставни програми-курикулуми за прво, второ и трето одделение. Во тек е изработка и на курикулумите за останатите одделенија.

Кандидатот д-р Трајче Стојанов е член на неколку професионални организации во земјава и во странство:

- Философско друштво на Македонија
- Россиискoе философское общество
- Hrvatsko filozofsko društvo
- Srpsko filozofsko društvo
- Dostoevsky Society
- Kierkegaard Society.

Се јавува и како волонтер во неколку локални, домашни НВО-организации. Во својата матична институција, кандидатот д-р Трајче Стојанов е член на неколку универзитетски и факултетски тела и комисии, како и претседател на Комисијата за доверба и односи со јавноста, а бил и уредник на научното списание *Воспитание*.

Ментор е на студенти на прв и втор циклус, како и на специјалистички студии, како и член на комисии за одбрана на магистерски и докторски дисертации, со што дал значаен придонес во развој и промовирање на научен подмладок.

Се јавува како член на уредувачки одбори, организациски и стручни одбори во разни стручни и научни списанија, конференции и симпозиуми, и рецензент на бројни трудови, но и книги, како дома, така и во странство. Како на пример, рецензијата на книгата „Strah od smrti: istraživanje i razvoj artefakta“ на професорот Mateo Perasović од Универзитетот во Сплит, Република Хрватска.

Кандидатот д-р Стојанов Трајче својата стручно-апликативна дејност ја остварува и како истражувач и визитинг предавач на неколку домашни и странски институции:

- Institute for European and Globalization Studies /Institut za Europske i Globalizacijske Studije
  http://www.inegs.com/multimedia/studije/department_ii_associates.pdf
- International Slavic University "Gavrilo Romanovich Derzhavin", Official Russian University in Sv. Nikole/Bitola, Macedonia.

Се пројавува како автор и на неколку статии во научно-популарни ревии, но и бројни анализи во колумни во дневно-политички списанија. Неговата научно-популарна и колумнистичка дејност е забележителна:

Rossiyskaya gazeta, project RBTH, Macedonia https://mk.rbth.com/news/2013/02/01/nova_rubrika_na_nasata_internet-stranica_so_interesni_avtori_17981

http://ruskarec.mk/blogs/trajce_stojanov

Faktor, portal www.factor.mk

http://faktor.mk/?s=%D0%A2%D1%80%D0%B0%D1%98%D1%87%D0%B5+%D0%A1%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2

- Slobodna Dalmacija, Croatia

http://www.slobodnadalmacija.hr/

- GeopolitikaNews

http://geopolitika.news/analize/prof-dr-sc-trajce-stojanov-makedoniji-preostaje-jos-jedino-da-se-samoukine/

Од вкупната актива во делот на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, евидентно е дека кандидатот д-р Трајче Стојанов е не само вонредно продуктивен, туку е присутен со својата експертиза во поширокатa социјално-политичка стварност, активно работејќи не само во потесно-стручните, туку и во пошироките и јавно-општествени кругови. Со тоа, кандидатот д-р Трајче Стојанов се јавува како општествено ангажиран интелектуалец. Неговиот придонес во полето на философската мисла, во областа на образованието, но и во социјално-политичкиот ангажман е несомнен.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија („Службен весник на Р. Македонија“, бр, 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 13/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 20/16, 120/16 и 127/16), Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 година) и распишаниот Конкурс, а врз основа на севкупната активност и постигнати резултати на кандидатот д-р Трајче Стојанов, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Трајче Стојанов целосно ги исполнува критериумите за избор во звање вонреден професор.

Анализата на приложените документи кои се однесуваат на научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност покажуваат дека кандидатот д-р Трајче Стојанов е одговорен и креативен наставник вклучен во бројни наставни, стручни и организациски активности на Факултетот за образовни науки и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев“. Прикажаните резултати од научноистражувачката работа покажуваат дека станува збор за посветен, креативен и веќе етаблиран научен работник во пошироките домашни, но и странски научни кругови, кој активно истражува и твори во неколку значајни и меѓусебно тесно поврзани дисциплини од филозофскиот корпус и има дадено особен научен теориско-практичен придонес во истите. На овој начин, како и преку неговата интензивна меѓународна активност и членства во бројни еминентни асоцијации од областа на филозофијата, но и педагогијата, доц. д-р Трајче Стојанов дава значаен придонес во промоција на македонската филозофска наука. Со континуираните специјализации, специјалистички престои и семинари, но и публикации во Русија, САД, разните конференции и симпозиуми во регионот, Европа и светот, кандидатот д-р Трајче Стојанов се етаблира во научните кругови како сериозен истражувач кој покажува постојана желба за усовршување и промоција. Наведените активности ја одразуваат неговата заложба за континуиран личен и професионален развој, но истовремено и за афирмација и развој на капацитетите на институцијата во која работи и твори. Во оваа насока е и неговата вклученост во бројните организациско-развојни активности и проекти на Универзитететот, како и наведените стручно-апликативни дејности и резултатите од истите.

Врз основа на претходно наведеното, т.е. врз основа на остварените резултати во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), стручно-апликативната и организациско-развојната дејност (САОР), Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог за кандидатот доцент д-р Трајче Стојанов да се избере во звање вонреден професор за наставно научната област *историја на филозофијата* и *етика* на Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Донев Дејан, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Симоновска, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Солунчев, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање доцент | 30 |
| Вкупно бодови од наставно-образовна дејност | | **30** |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Монографија или научна книга | 10б.x2=**20** | |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | 10б.x1=**10** |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | -<br>- | 10б.x2=**20**<br>6б.x1=**6** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2б.x6=**12** | 3б.x2=**6** |
| 6 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1,5б.x6=**9** | 2б.x3=**6** |
| 7 | Одбранета докторска дисертација | 8б.x1=**8** | |
| 8 | Одбранет магистерски труд | 4б.x1=**8** | |
| 9 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 3б.x1=**3** | |
| 10 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1б.x1=**1** | |
| 11 | Уредник на зборник на трудови | 2б.x1=**2** | |
| 12 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 1б.x2=**2** | |
| 13 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1б.x1=**1** | |
| 14 | Студиски престој во странство | 8б.x1=**8** | |
| 15 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1б.x5=**5** | |
| **Вкупно бодови од научноистражувачка и стручно-уметнички активности** | | **127 б.** | |

| **Ред. бр.** | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Книга | 10б.x1=**10** | |
| 2 | Поглавје од книга | 4б.x1=**4** | |
| 3 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | 6б.x1=**6** |
| 4 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2б.x4=**8** | |
| 5 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 0,5б.x4=**2** | |
| 6 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | 1б.x1=**1** | |
| 7 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 5б.x2=**10** | |
| 8 | Изработен и рецензиран програмски пакет | 3б.x1=**3** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Елаборати и експертизи | 2б.x1=**2** | |
| 10 | Член на универзитетски или владини тела | 5б.x1=**5** | |
| 11 | Член на факултетски орган, комисија | 2б.x2=**4** | |
| 12 | Член на институтски орган, комисија | 2б.x2=**4** | |
| | | | |
| **Вкупно од стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | **59б** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | **216** |